**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2147/5
Скопје, 12 март 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**СКОПЈЕ**

Владата на Република Северна Македонија, на Седумнаесеттата седница, одржана на 12 март 2020 година, покрај усвоените заклучоци, мерки и препораки во функција на преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус), заклучи:

- Да се спроведуваат препораки за казнивост согласно член 205 и 206 од Кривичниот законик за сите физички и правни лица кои ги прекршуваат донесените решенија од страна на Државниот инспекторат за труд и Државниот пазарен инспекторат и **истите да се процесуираат до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за да постапи согласно своите законски утврдени надлежности.**

  **Воедно се задолжуваат Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за труд да ги преземат сите мерки и активности од своја надлежност за спроведување и операционализирање на сите мерки, препораки и насоки усвоени од Владата во врска со спречувањето на ширењето на корона вирусот COVID-19.**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:

- сите државни институции (министерства, јавните претпријатија акционерските друштва, агенции, фондови, бироа, заводи, управи)
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавноста
- Стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: Маја Богоевска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk